РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-275/2
29-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2554/1 од 23.09.2025 година, против ///, декан на Факултетот за /// при Универзитетот /// – /// и против ///, професор на Факултетот за /// при Универзитетот /// – /// и брат на деканот ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмети со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-2554/1 од 23.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.09.2025 година, поднесена е пријава против ///, декан на Факултетот за /// при Универзитетот /// – /// и против ///, професор на Факултетот за /// при Универзитетот /// – /// и брат на деканот /// и оформен е предмет број 12-2554/1 од 23.09.2025 година.
Во пријавата подносителот изнесува наводи за повеќе неправилности во различни аспекти на работењето на Универзитетот /// – ///, поврзани со ангажманот на пријавените службени лица, меѓу кои и наводи за судир на

интереси во постапката за избор на /// во звањето /// и други незаконитости во постапката, стекнување на наставно-научно звање /// без приложување доказ за стекнат научен степен доктор на науки, управување со правно лице во приватна сопственост за време на вршење на функција во Универзитетот, незаконитости во постапки за избор во наставно-научни звања и наводи за незаконско ангажирање на надворешен кадар.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека по наводите од пријавата веќе има постапно по предмети со слична фактографија како предметните наводи.

Имено, во однос на наводите за стекнување на наставно-научно звање /// без приложување доказ за стекнат научен степен доктор на науки, како и во однос на наводите за незаконитости во постапката за избор на /// во звањето ///, ДКСК се има произнесено во Одлуката со број 12-2258/2 од 31.01.2024 година, донесена на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година во врска со предметите 12-1465/1 од 02.03.2020 година, 12-3626/1 од 29.09.2021 година, 12-4785/1 од 10.05.2022 година, 12-4866/1 од 11.05.2022 година, 12-9008/1 од 28.10.2022 година, 12-9659/1 од 20.12.2022 година, 12-581/1 од 27.01.2023 година и 12-2258/1 од 12.04.2023 година, оформени по доставени пријави со наводи што упатуваат на неправилности во различни аспекти на работењето на Универзитетот /// - ///, којашто е објавена на интернет страницата на ДКСК.
Дополнително, во однос на наводите за судир на интереси на лицето /// во постапката за избор на /// во звањето ///, ДКСК се има произнесено во Одлуката со број 09-843/2 од 28.05.2020 година донесена на првото продолжение на 30-тата седница на ДКСК одржано на 18.05.2020 година во врска со предметот 09-526/1 од 26.02.2019 година, објавена на интернет страницата на ДКСК.
Во однос на наводите дека /// истовремено со вршењето на функцијата во Универзитетот /// - /// продолжил да управува со правно лице во приватна сопственост, ДКСК се има произнесено во Одлуката со број 09-1530/5 од 16.10.2024 година донесена на 9-тата седница на ДКСК одржана на 09.10.2024 година, објавена на интернет страницата на ДКСК.

Следствено, имајќи предвид дека во пријавата по која е оформен предметот 12-2554/1 од 23.09.2025 година се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмети со слична фактографија на наводи со предметните

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлука од своја надлежност, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б.,член на ДКСК